РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр 10-2246/2
13.12. 2024 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија„ број 5/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија„ број 202/24), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот , со број 10-2246/1 од 18.11.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот , заверено под број 10-2246/1 од 18.11.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата преку пошта до Општина Ресен поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер на ден 18.11.2024 година заверено под број 10-2246/1 со кое побара преку пошта да му биде доставен фотокопија од следната информација: Договорите за јавна набавка на мобилна и интернет телекомуникација услуга во период од 11/2021 до 11/2024 година и примероци од тендерската документација; Законскиот акт врз основа на на кој ЕЛС – Општина Ресен ги определува критериуми и услови под кои врши доделување на мобилни телефонски броеви и мобилни телефонски апарати на јавни функции и вработени во Општината, образложение чија надлежност , кој, како, на кој начин ја спроведуваа постапката на доделување; Список на лица на кои во период од месец 11/2021 до 11/2024 им се доделени, кои се задолжени со службен мобилен тел. број и телефонски апарат тип/марка согласно тех.спецификација, вредноста на апаратот, на кој начин е направена набавката на апаратот, фактура, пакет /понуда, користен бонус итн. За секое лице, за секој апарат поединечно во табеларен приказ.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира, за точка број 1 од Вашето Барање во прилог Ви доставуваме фотокопија од следните документи: Договор за јавна набавка на мобилни комуникациски услуги со број 09-1155/1 од 11.05.2022 година, Договор за јавна набавка на мобилни комуникациски услуги со број 09-984/1 од 09.05.2024 година, Анекс на договор со број 14-1035/1 од 20.05.2024 година;Тендерска документација за набавка од

мала вредност- за набавка мобилни услуги за 2022 година и тендерска документација за набавка од мала вредност- за набавка на услуги за мобилна телефонија за 2024 година.

Во врска со точка 2, Општина Ресен нема донесено посебен акт за распределба на мобилни телефонски броеви и мобилни телефонски апарати, бидејќи истите се набавени согласно спроведената јавна набавка и потпишани договори за јавна набавка на мобилни и телекомуникациски услуги. Градоначалникот е потпишан на овие договори и има надлежност да ги реализира овие договори согласно потребите од работењето на општинската администрација и надлежностите дадени во член 50 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ" бр. 5/02 и 202/24).

Во врска со точка 3, во прилог на писмото Ви го доставуваме одговорот од Секторот за финансиски прашања со детален приказ на побараните информации.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР. 14-сл
10.12 2024 год
РЕСЕН

До

Сектор за правни и општи работи
и јавни дејности

Предмет :Достава на податоци

Во прилог Ви ги доставуваме:

-под точка бр. 1 Склучени се два Договори за јавна набавка за вршење на мобилна и др. телекумуникација, едниот со бр. 09-1155/1 со дата на склучување 11.05.2022 година и другиот со бр. 09-984/1 и дата на склучување 09.05.2024 година, и двата Договори склучени помеѓу Општина Ресен и Македонски телеком. Анекс на Договорот со бр 14.1035/1 од 20.05.2024 година.

-под точка бр.2 од барањето нема податок

-под точка бр. 3 :

- Градоначалник Apple iPhone 15 ProMax256GB Blc. Titanium PUBLIC +

телефонски број. Телефонскиот апарат е набавен преку субвенционирање согласно Договор бр. 09-984/1.

- Председател на Совет Galaxy A25 5G 128GB Blue PUBLIC + телефонски број ( телефонскиот апарат не е подигнат ). Набавен преку договорен лимит согласно Договор бр. 09-984/1 со месечна рата од 1.760 денари

- Секртетар Galaxy S24 256GB Black PABLIC + телефонски број. Набавен преку договорен лимит согласно Договор бр. 09-984/1 со месечна рата од 3.590 денари

- Раководител на Сектор за финансиски прашања Galaxy S23 128G Black PABLIC ( само телефонски апарат ). Набавен преку договорен лимит согласно догвор бр. 09-984/1со месечна рата од 4.557 денари

- Раководител на Сектор за урбанизам Galaxy S23 128G Black PABLIC ( само телефонски апарат ). Набавен преку договорен лимит согласно догвор бр. 09-984/1 со месечна рата од 4.557 денари

- Асистент на Градоначалник само телефонски број.

- Асистент на Градоначалник Moto E13 64GB Cosmic Black PABLIC + телефонски број ( Апаратот е набавен согласно гореспомнатиот Анекс на Договор со бр. 14-1035/1 со вредност од 1 денар )

-Возачи на службени возила само телефонски број – 2 броја

Раководител

Сектор за финансиски прашања

14
20-05-2024

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

# Анекс

кон склучениот Договор за користење на Бизнис тарифен модел -
за набавка на нови мобилни телефонски апарати и дополнителна опрема со попуст

РЕПУБЛИКА С... ...ОНИЈА
Примено: 20.05.2024
14 1095/1

**Склучен на:** 15.05.2024 година,

**Помеѓу:** ОПШТИНА РЕСЕН
Маршал Тито 6б
РЕСЕН, Р.Северна Македонија
со ЕДБ 4024004107609, претплатнички код 5.18113
(понатаму во текстот: Корисник)
застапуван од ,
и
Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13-ти Ноември број 6, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
(понатаму:Оператор)
застапуван од Гоце Каракашов, Лидер за Институционални корисници
,

**Член 1** **Операторот** и **Корисникот** се потписници на Договор за користење на **Бизнис** тарифен модел (понатаму: Договор), со кој на Корисникот му се овозможува посебен попуст при користењето на услугите на мобилната телефонија, врз основа на бројот на користени мобилни телефонски линии. Согласно на склучениот Договор, **Корисникот** во моментот на склучување на овој Анекс активно користи 7 телефонски линии.

**Член 2** Со склучувањето на овој Анекс, **Операторот** му одобрува на **Корисникот** попуст за набавка на нови мобилни телефонски апарати и дополнителна опрема од продажниот асортиман на **Операторот**, врз основа на претходно доставената понуда до **Корисникот**.

Корисникот се одлучи да ги набави следните мобилни телефонски апарати и дополнителна опрема:

| Производ | Количина | Редовна единечна продажна цена (дена | Одобрен попуст (%) | Вкупна цена со попуст (денари) |
|---|---|---|---|---|
| Moto E13 64GB Cosmic Black PUBLIC | 1 | 6,990.00 | 99.99 | 1.00 |
| | | | **Вкупно:** | 1.00 |

* Во цената е пресметан ДДВ

**Член 3** **Корисникот** ќе го изврши плаќањето пред преземањето на опремата од **Операторот.**

**Член 4** Времето на важност на овој Анекс е еднакво со времето на важност на Договорот.
Доколку **Корисникот** го раскине Договорот пред истекот на утврдениот рок, или доколку **Операторот** биде принуден предвремено да го раскине Договорот согласно условите наведени во него, **Корисникот** ќе биде обврзан, покрај надоместоците утврдени со Договорот, да му ја надомести на **Операторот** и разликата помеѓу одобрената цена за набавка на мобилни телефонски апарати и друга опрема со попуст, согласно овој Анекс и редовната цена на истите утврдена со Ценовникот на **Операторот**, како што е утврдено во овој Анекс.

**Член 5** За прашања кои не се регулирани со овој Анекс, ќе се применуваат одредбите од Договорот за Бизнис Корисници, Претплатничкиот Договор и Општите Услови на истиот, како и позитивните законски прописи во Северна Македонија.

**Член 6** Овој Анекс е потпишан во два еднакви примероци, по еден за секоја договорна страна.

Македонски Телеком АД - Скопје
Лидер за Институционални корисници
Гоце Каракашов

м.п.________________

Подготвил:
Светлана Дабевска

ОПШТИНА РЕСЕН

м.п.________________

РЕСЕН

27

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Бр. 09-984/1
09.05.2024 год
РЕСЕН

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
8
Број 234751/1
Дата 20-05-2024

# ДОГОВОР

## за јавна набавка на мобилни комуникациски услуги

Склучен помеѓу:

1. **ОПШТИНА РЕСЕН** со седиште на улица Плоштад Цар Самоил бр.20 Ресен, застапувано од Градоначалник Јован Тозиевски **(во понатамошниот текст Договорен орган)** од една страна и

2. **МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД СКОПЈЕ**, Кеј 13-ти Ноември бр.6 1000 Скопје, Даночен број: 4030997339640 и ЕМБС: 5168660 претставувано од Манче Трендафилов, Лидер за продажба за деловни корисници, Гоце Каракашов, Лидер за Институционални корисници (во понатамошниот текст: **НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредувањето на правата и обврските помеѓу ОПШТИНА РЕСЕН од една страна како Договорен орган и МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД СКОПЈЕ од друга страна како Носител на набавката, а кои произлегуваат од склучувањето на овој Договор за јавна набавка на мобилни комуникациски услуги за потребите на договорниот опрган.

Договорот се склучува врз основа на прифатена понуда од Македонски Телеком АД Скопје, поднесена на ден 17.04.2024 година (носител на набавката), по Огласот за доделување на договор за јавна набавка број 07088/2024 објавен веб страницата на Бирото за јавни набавки и Одлуката за избор на најповолен понудувач број 05-2024-07088/21/1 од 25.04.2024 година, донесена од одговорното лице на договорниот орган.

**ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ ЗА МОБИЛНИ УСЛУГИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА РЕСЕН ЗА ПЕРИОД ОД 24 МЕСЕЦИ**

- Носителот на набавката е должен да отстапи и да обезбеди непречено и континуирано функционирање на **минимум 7 мобилни претплатнички линии**
- Носителот на набавката безусловно ќе одобри зголемување на бројот на претплатничките линии доколку се јави таква потреба кај договорниот орган.

**ОПШТИ УСЛОВИ (за сите тарифни модели):**

- Сите СИМ картички да бидат во иста група во рамките на компанијата (CUG) и по линија задолжително да има неограничени бесплатни минути секој месец за разговори во рамките на компанијата (не смее да има никакков надомест).

- При евентуална промена на операторот, моменталните претплатнички броеви да бидат пренесени заедно со префиксот (НДК бројот – Националниот Дестинациски Код) во мобилниот оператор кој што ќе биде избран како најповолен понудувач во рок од 10 (десет) дена од склучување на договорот, на сметка на понудувачот, т.е. носителот на набавката.
- Тарифирањето на националните, меѓународните повици и на дојдовните повици во роаминг да биде на интервали од 60 секунди.
- Услугата за телефонски повици Понудувачот треба да ја нуди на целата територија на РМ.
- Цените на сите останати услуги кои не се содржани во финансиската понуда на носителот на набавката, истиот ќе ги обезбедува по цени не повисоки од официјалните цени за постпејд корисници.
- Договорниот орган го задржува правото да набави дополнителни линии со цени исти како во понудата како и да изврши префрлање од еден во друг тарифен модел (пред да го искористи правото на субвенции).
- Цена за воспоставување на повик, 0,00 денари
- Износот на субвенција за сите претплатнички линии да може сумира и да се искористи по потреба на Договорниот орган за набавка на мобилни телефони/ електронски уреди кои ги нуди економскиот оператор по неговите малопродажни цени (за пост-пејд корисници).
- Доколку се јави потреба од сервисирање на некој од набавените апарати за време на гарантниот период, носителот на набавката се обврзува да обезбеди друг апарат на користење, односно доколку не може истиот да се поправи да го замени со нов.

**Пакет 1:**

**Тарифен модел со месечна претплата до 799,00 денари без вклучен ДДВ (се однесува за набавка на 5 мобилни претплатнички линии):**

- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени неограничени минути разговор кон сопствената мрежа.
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени 1000 минути разговори кон останатите фиксни и мобилни мрежи.
- Цена по надминување на 1000 минути разговор да не надмине 5,4 ден. минута
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени неограничени СМС пораки во сите национални мрежи.
- За секоја линија во рамките на тарифниот модел треба да следува минимум 100 GB бесплатен интернет сообраќај остварен во мрежата на операторот при што по надминување на вклучениот сообраќај да се намалува брзината без да има дополнителен надомест.
- За секоја линија во рамките на тарифниот модел треба да следува минимум 3 GB бесплатен Интернет сообраќај во западен Балкан.
- За секоја линија во рамките на тарифниот модел треба да следуваат неограничени разговори во западен Балкан.
- За секоја линија во рамките на тарифниот модел треба да следува минимум 1 GB бесплатен Интернет во Roaming.

- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени минимум 30 минути разговор во Roaming Европа, (дојдовен и појдовен).
- Субвеница по линија, минимум 11.000,00 мкд. со ДДВ.

**Пакет 2:**

**Тарифен модел со месечна претплата до 1299,00 денари без вклучен ДДВ - се однесува за набавка на 2 мобилни претплатнички линии.**

- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени неограничени минути разговор кон сопствена мрежа.
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени 1000 минути разговори кон други фиксни и мобилни мрежи.
- Цена по надминување на 1000 минути разговор да не надмине 5,4 ден. минута
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени неограничени СМС пораки во сите национални мрежи.
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени минимум 30 минути разговор во Roaming (појдовен).
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени минимум 30 минути разговор во Roaming (дојдовен).
- За секоја линија во рамките на тарифниот модел треба да следува минимум 6 GB бесплатен Интернет сообраќај во западен Балкан.
- За секоја линија во рамките на тарифниот модел треба да следува минимум 3 GB бесплатен Интернет во Roaming.
- За секоја линија во рамките на тарифниот модел треба да следуваат неограничени разговори во западен Балкан.
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени 50 минути кон меѓународни мрежи.
- За секоја линија во рамките на тарифниот модел треба да следува неограничен национален интернет сообраќај остварен во мрежата на операторот.(политика на фер користење)
- Субвеница по линија, 36.000,00 мкд.

Приклучоците од техничката спецификација се однесуваат на период од 24 месеци и понудувачот се обврзува да даде понуда за поединечните ставки за период од 24 месеци. Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

**Листа на цени**

| Р.Б. | ОПИС | Ед. мера | Кол. | Ед. цена без ДДВ | ДДВ | Ед. Цена со ДДВ | Вкупна без ДДВ | Вкупна со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Цена по надминување на 1000 минути разговори кон други национални фиксни и мобилни мрежи за | Денари/Минута | 1 | 0,01 | 0,0018 | 0,0118 | 0,01 | 0,0118 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пакет бр.1 и Пакет бр.2 | | | | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупна цена на листата без ДДВ (предмет на е-аукција)** | 0,01 | 0,0118 |

**Член 2**

Со овој договор носителот на набавката му овозможува на договорниот орган пристап на јавната комуникациска мрежа и користење на јавните мобилни комуникациски услуги дефинирани од договорниот орган, согласно усвоената понуда.

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на носителот на набавката и договорниот орган, како договорни страни во согласност со: Законот за електронските комуникации ("Службен весник на РМ" бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008, 83/10, 13/12, 59/2012, 123/12, 23/13, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и "Службен весник на РСМ" 92/21 ) и правилниците, прописите и стандардите донесени во согласност со Законот за електронските комуникации.

Услугите, основните и дополнителни услуги кои се предмет на овој договор како и цената се дефинирани во прилозите на овој договор и се негов составен дел.

- Измена на одредена услуга се врши со взаемно потпишување на Анекс кон договорот, со кој се регулира измената.
- Измената на адресата односно седиштето или друг битен елемент со кој се одредува идентификацијата на договорниот орган како субјект во правниот промет треба задолжително да биде пријавена кај носителот на набавката во рок од 15 дена од настанувањето на измената,
- Во прилозите на овој договор може да се утврдуваат и посебни услови соодветни на воспоставените деловни односи помеѓу носителот на набавката и договорниот орган,
- На барањата на договорниот орган за вклучување или исклучување на дополнителни услуги, носителот на набавката има обврска да постапи најдоцна еден ден по поднесувањето на барањето.

## ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Целта на овој Договор е набавка на мобилни комуникациски услуги за потребите на договорниот орган, согласно усвоената понуда дадена во прилог на овој договор.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува во согласност со применливите прописи од оваа област да:

- му обезбеди на договорниот орган добра и квалитетна услуга,
- обезбеди редовна и непрекината јавна мобилна комуникациска услуга,
- воведе ефикасни постапки и вложи максимални напори за да ја гарантира неповредливоста и доверливоста на комуникациите на договорниот орган, за зачувување на деловните тајни и личните податоци кои се однесуваат на договорниот орган согласно важечките прописи,
- го поддржува договорниот орган со совети и консултации околу изборот на видот на услуги и користење на одредени услуги,
- да постапи по пријава на дефект на претплатничка линија,
- да постапи по приговор за висина на сметка,
- издава упатства и дава информации на претплатникот за користење на услугите, како и за обврските од претплатничкиот однос,
- е должен да го изврши пренесувањето на телефонските броеви, без прекин на мобилните комуникациски услуги.

Носителот на набавката има право во согласност со применливите прописи од оваа област:

- ако во роковите утврдени во договорот, договорниот орган не го уплати доспеаниот долг кон носителот на набавката, времено да го забрани пристапот до услугите, во овој случај договорниот орган е обврзан при повторно вклучување да ги плати трошоците за повторно активирање,
- да доставува редовно месечна фактура по кориснички број, корисник на мобилни комуникациски услуги поединечно со пресметан износ на ДДВ чиј процент за овој вид на услуги е утврден со закон,
- да засмета законска казнена камата од денот кога договорниот орган западнала во задоцнување со плаќањето на месечната фактура,
- во случај на повреда на одредбите на овој договор, за тоа да го извести носителот на набавката и да му определи разумен рок за исполнување на обврските предвидени со овој договор.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 5**

Со засновање на претплатнички однос, договорниот орган има право во согласност со применливите прописи од оваа област:

- на промена на конфигурација како за зголемување, така и за намалување на бројот на претплатнички линии,

- да избере начин за користење на мобилните комуникациски услуги, согласно усвоената понуда дадена во прилогот на овој договор,
- на приговор против одлуките или активностите на носителот на набавката во врска со пристапот до или обезбедување на услугите.

Договорниот орган има обврска во согласност со прописи од оваа област да:

- во рокот означен на сметката да ја плати издадената фактура за месечна претплата и користење на основните и дополнителни услуги, реализираниот сообраќај утврдени со ценовникот на носителот на набавката, како и ДДВ утврден со закон, при што фактурирањето на месечната претплата за основните услуги, како претплатата за дополнителните услуги се врши однапред за секој месец,
- непримањето на сметката, не го ослободува договорниот орган од обврската да го плати долгуваниот износ на време. Во случај на недобивање на месечната сметка да се информира во специјализираните служби за грижа за корисниците на носителот на набавката и да побара изготвување на истата,
- да ги користи комуникациските услуги исклучиво за свои сопствени потреби и согласно нивната намена, да не вознемирува други корисници и да не ја користи за цели спротивни на законот, како и на условите содржани во овој договор,
- да не ги користи комуникациските капацитети, предмет на овој договор, за обезбедување јавни комуникациски услуги на трети лица, спротивно на условите содржани во законот и други правила и прописи и писмен договор со носителот на набавката,
- да го извести носителот на набавката за секоја промена на податоците потребни за склучување на овој договор. За штетите настанати со непочитување на оваа обврска, носителот на набавката не презема никаква одговорност,
- да се воздржува од било какви дејствија кои би ја довеле во опасност или би и нанеле штета на мрежата на носителот на набавката,
- ги почитува упатствата на носителот на набавката во поглед на користењето на услугите.

## ЦЕНИ, РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 6**

Вредноста на овој договор нема да надмине 213.898,00 денари без вклучен ДДВ.

Вредноста на овој договор нема да надмине 252.400,00 денари со вклучен ДДВ.

Договорниот орган е должен да му исплатува на носителот на набавката износ во денари месечно по извршена услуга, во рок од 60 дена по достава на фактура на адресата на договорниот орган.

**Член 7**

Сите трошоци за услугата преносливост на броеви согласно овој Договор, се вклучени во понудените цени.

**Член 8**

Цените на сите останати услуги кои не се содржани во финансиската понуда на носителот на набавката, истиот ќе ги обезбедува по цени не повисоки од официјалните цени за постпејд услуги, кои се прилог кон овој договор.

**Член 9**

Договорниот орган има право по претходно писмено барање доставено до носителот на набавката да исклучи корисник во еден правец, согласно со применливите законски одредби од оваа област.

**Член 10**

За секоја активирана претплатничка линија, мобилниот оператор доделува субвенција за телекомуникациска терминална опрема во износ дефиниран според тендерската постапка за времетраењето на овој Договор.

**Член 11**

Опремата од член 10 по нејзиниот прием од страна на договорниот орган, станува сопственост на договорниот орган и носителот на набавката нема право да бара нејзино враќање и по истекот на важноста на овој договор.

За сите линии кои ќе бидат подоцна приклучени кон овој договор, субвенцијата сразмерно се намалува за износ од 1/12 *[за договори со важност од 1 година. Ако договорот се склучува на две години инзосот треба да се намалува за 1/24]* за изминатите месеци од важноста на овој договор.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 12**

Договорот се склучува на определено време за период од 2(две) години, од денот на склучувањето.

## ТЕЛЕФОНСКИ ИМЕНИК

**Член 13**

Договорните страни се согласни договорниот орган дополнително да достави податоци што ќе бидат внесени во Телефонскиот именик на мобилниот оператор и Службата за информации за броеви од Телефонскиот именик за кои Службата за грижа за корисници кај мобилниот оператор да може да дава податоци на заинтересирани страни.

## ЗАБРАНА ЗА КОМЕРЦИЈАЛНА УПОТРЕБА

**Член 14**

Овој Договор ќе се применува единствено за договорниот орган. Носителот на набавка ги сбезбедува услугите само на договорниот орган за негова сопствена употреба. Секоја комерцијална употреба или препродажба на гореспоменатото, нудење на услугите од носителот на набавката на трети страни, индивидуи или правни лица, се забранува.

## ЗАБРАНА ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ

**Член 15**

Договорниот орган нема право да ги пренесува условите надвор од постојниот договор, или било кои од неговите права или обврски опфатени овде или коишто произлегуваат од овде, на која било трета страна, без претходна писмена согласност од страна на мобилниот оператор, освен податоците кои договорниот орган мора да ги објави согласно со позитивните прописи кои ги регулираат јавните набавки.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 16**

Договорниот орган може да го раскине договорот, со претходно писмено известување на носителот на набавката, најмалку 30 дена пред датумот на раскинување на договорот, при што е должен да ги изврши сите обврски за плаќање кои ги има кон носителот на набавката, за извршени услуги согласно овој договор.

Носителот на набавката може да го раскине договорот, поради неисполнување на обврските на договорниот орган предвидени со овој договор и тоа:

- Доколку јавната комуникациска услуга се користи или е наменета да се користи за цел спротивна на условите од овој договор,
- Доколку договорниот орган ја користи претплатничката услуга за обезбедување на комуникациската услуга на трети лица за надомест, спротивно на условите содржани во законот или други закони или прописи, констатирани од страна на надлежен орган, и без писмен договор со носителот на набавката,
- Со судска одлука за бришење од трговски регистар,
- Во случај на стечај, реорганизација, ликвидација или неликвидност на договорниот орган,
- Доколку носителот на набавката не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на Виша сила подолго од шест месеци.

**Член 17**

Во случај на предвремено раскинување на договорот или деактивирање на дел од претплатничките линии пред истекот на договорниот период по барање на договорниот орган, договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му исплати 1/12 од износот на субвенцијата за секој месец до истекот на Договорот за секоја од деактивираните линии.

## ВИША СИЛА

**Член 18**

Користењето на услугите кои ги обезбедува носителот на набавката може да биде прекинато поради дејство на Виша сила. Под Виша сила се подразбира настан независен од волјата на договорните страни, чие наспатување не можело да се спречи или предвиди и поради кои исполнувањето на обврските од договорот станало отежнато или неможно, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: природни настани, општествени настани (штрајк, немири, војна) акти на јавната власт, нарушување на функционирањето на телекомуникациските систем и сл.

Носителот на набавката не сноси никаква одговорност кон договорниот орган поради прекин на услугите, предизвикан од настан на Виша сила.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Договорот влегува во сила со денот на неговото потпишување и има важност [2 (две)] година од денот на потпишувањето.

Сите дополнителни претплатнички линии на договорниот орган кои ќе бидат акивирани по потпишување на договорот, а во рамките на нивното времетраење, имаат важност до истекот на овој договор.

**Член 20**

Овој договор се смета за реализиран, по истекот на неговото времетраење или по искористување на максималната вредност од членот 6 од овој Договор

**Член 21**

Во случај на спор, надлежен е Основниот граѓански суд Скопје.

За се што не е предвидено со овој договор, ќе се применат соодветните одредби од Законот за облигационите односи и Законот за електронските комуникации.

**Член 22**

Договорот е сочинет во 4 (четири) еднакви примероци од кои по 2 (два) пример за секоја од договорните страни.

**Македонски Телеком АД Скопје**

Лидер за продажба за деловни корисници,
Манче Трендафилов

м.п.________________________

Лидер за Институционални корисници,
Гоце Каракашов

м.п. ________________________

Градоначалник
Јован Тозиевски

м.п. ________________________

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје 8

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН

Одобрено од Правна
1.

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број 07088/2024 објавен од страна на Општина Ресен, за набавка на Мобилни услуги со спроведување на набавка од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Македонски Телеком АД Скопје
I.2. Контакт информации
- Адреса: Кеј „13-ти Ноември" бр.6, Скопје
- Телефон: +389 070120
- Факс: +389 2 3286 287
- Е-пошта: B2BCustomerOperations_Tenders.mk@telekom.mk
- Лице за контакт: Катерина Стојанова

I.3. Одговорно лице: Никола Љушев, Главен извршен директор
I.4. Даночен број: 4030997339640
I.5. Матичен број: 5168660

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки/**услуги**/работи:
Мобилни услуги

*[Во оваа точка понудувачот ги наведува стоките/услугите/работите кои ги нуди со сите потребни технички карактеристики на истите, а во согласност со техничките спецификации дадени во тендерската документација. Доколку е попрактично, табелата може да се прилагоди или да се замени со друга форма која договорниот орган ја смета за соодветна. Доколку договорот за јавна набавка е поделен на делови, треба да се предвидат табели за секој дел посебно со идентификување на кој дел се однесува секоја табела]*

II.3. Ги прифаќаме начинот и рокот[1] на испорака утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 0,01 *[со бројки]* (нулазапирканулаеден) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 0,0018 денари

[1] Зборовите „ рокот на испорака" се бришат во случај кога истиот не е дефиниран.

Sighed by: Manche Trendafilov
Makedonski Telekom AD
Issued by: Makedonski Telekom CA

III. 2. Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнава листа на цени:

Приклучоците од техничката спецификација се однесуваат на период од 24 месеци и понудувачот се обврзува да даде понуда за поединечните ставки за период од 24 месеци. Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

**Листа на цени**

| Р.Б. | ОПИС | Ед. мера | Кол. | Ед. цена без ДДВ | ДДВ | Ед. Цена со ДДВ | Вкупна без ДДВ | Вкупна со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Цена по надминување на 1000 минути разговори кон други национални фиксни и мобилни мрежи за Пакет бр.1 и Пакет бр.2 | Денари/Минута | 1 | 0,01 | 0,0018 | 0,0118 | 0,01 | 0,0118 |
| **Вкупна цена на листата без ДДВ (предмет на е-аукција)** | | | | | | | 0,01 | 0,0118 |

***Понудената цена која ќе биде предмет на електронската аукција не смее да содржи повеќе од две децимали и најниска можна понудена вкупна цена без ДДВ е 0,01 денар. Секоја понуда која нема да ги задоволи овие услови ќе се отфрли како неприфатлива.**

III.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

Скопје, 17.04.2024

Одговорно лице*

Никола Љушев
Главен извршен директор
(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 09-1155/1
11.05.2022 ГОД.
РЕСЕН

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје
Број 29855/1
Дата 27-05-2022

**ДОГОВОР**

**за јавна набавка на мобилни комуникациски услуги**

Склучен помеѓу:

1. **ОПШТИНА РЕСЕН** со седиште на улица Плоштад Цар Самоил бр.20 Ресен, застапувано од Градоначалник Јован Тозиевски **(во понатамошниот текст Договорен орган)** од една страна и

2. **МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД СКОПЈЕ**, Кеј 13-ти Ноември бр.6 1000 Скопје, претставувано од Љупчо Спировски, Раководител на Оддел за клучни и големи корисници, Манче Трендафилов, Директор на Служба за продажба на деловни корисници (во понатамошниот текст: **НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредувањето на правата и обврските помеѓу ОПШТИНА РЕСЕН од една страна како Договорен орган и МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД СКОПЈЕ од друга страна како Носител на набавката, а кои произлегуваат од склучувањето на овој Договор за јавна набавка на мобилни комуникациски услуги за потребите на договорниот опрган.

Договорот се склучува врз основа на прифатена понуда од Македонски Телеком АД Скопје, поднесена на ден 05.04.2022 година (носител на набавката), по Огласот за доделување на договор за јавна набавка број 05660/2022 објавен веб страницата на Бирото за јавни набавки и Одлуката за избор на најповолен понудувач број 05660/2022 од 15.04.2022 година, донесена од одговорното лице на договорниот орган.

**Член 2**

Со овој договор носителот на набавката му овозможува на договорниот орган пристап на јавната комуникациска мрежа и користење на јавните мобилни комуникациски услуги дефинирани од договорниот орган, согласно усвоената понуда дадена во прилозите на овој договор.

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на носителот на набавката и договорниот орган, како договорни страни во согласност со: Законот за електронските комуникации ("Службен весник на РМ" бр. 13/2005, 14/2007, 55/2007, 98/2008, 83/10, 13/12 и 59/2012) и правилниците, прописите и стандардите донесени во согласност со Законот за електронските комуникации.

Услугите, основните и дополнителни услуги кои се предмет на овој договор како и цената се дефинирани во прилозите на овој договор и се негов составен дел.

- Измена на одредена услуга се врши со взаемно потпишување на Анекс кон договорот, со кој се регулира измената.
- Измената на адресата односно седиштето или друг битен елемент со кој се одредува идентификацијата на договорниот орган како субјект во правниот промет треба задолжително да биде пријавена кај носителот на набавката во рок од 15 дена од настанувањето на измената,
- Во прилозите на овој договор може да се утврдуваат и посебни услови соодветни на воспоставените деловни односи помеѓу носителот на набавката и договорниот орган,
- На барањата на договорниот орган за вклучување или исклучување на дополнителни услуги, носителот на набавката има обврска да постапи најдоцна еден ден по поднесувањето на барањето.

## ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Целта на овој Договор е набавка на мобилни комуникациски услуги за потребите договорниот орган, согласно усвоената понуда дадена во прилог на овој договор.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 4**

Носителот на набавката се обврзува во согласност со применливите прописи од оваа област да:

- му обезбеди на договорниот орган добра и квалитетна услуга,
- обезбеди редовна и непрекината јавна мобилна комуникациска услуга,
- воведе ефикасни постапки и вложи максимални напори за да ја гарантира неповредливоста и доверливоста на комуникациите на договорниот орган, за зачувување на деловните тајни и личните податоци кои се однесуваат на договорниот орган согласно важечките прописи,
- го поддржува договорниот орган со совети и консултации околу изборот на видот на услуги и користење на одредени услуги,
- да постапи по пријава на дефект на претплатничка линија,
- да постапи по приговор за висина на сметка,
- издава упатства и дава информации на претплатникот за користење на услугите, како и за обврските од претплатничкиот однос,
- е должен да го изврши пренесувањето на телефонските броеви, без прекин на мобилните комуникациски услуги.

Носителот на набавката има право во согласност со применливите прописи од оваа област:

- ако во роковите утврдени во договорот, договорниот орган не го уплати доспеаниот долг кон носителот на набавката, времено да го забрани пристапот до услугите, во овој случај договорниот орган е обврзан при повторно вклучување да ги плати трошоците за повторно активирање,
- да доставува редовно месечна фактура поориснички број, корисник на мобилни комуникациски услуги поединечно со пресметан износ на ДДВ чиј процент за овој вид на услуги е утврден со закон,
- да засмета законска казнена камата од денот кога договорниот орган западнала во задоцнување со плаќањето на месечната фактура,
- во случај на повреда на одредбите на овој договор, за тоа да го извести носителот на набавката и да му определи разумен рок за исполнување на обврските предвидени со овој договор.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 5**

Со засновање на претплатнички однос, договорниот орган има право во согласност со применливите прописи од оваа област:

- на промена на конфигурација како за зголемување, така и за намалување на бројот на претплатнички линии,
- да избере начин за користење на мобилните комуникациски услуги, согласно усвоената понуда дадена во прилогот на овој договор,
- на приговор против одлуките или активностите на носителот на набавката во врска со пристапот до или обезбедување на услугите.

Договорниот орган има обврска во согласност со прописи од оваа област да:

- во рокот означен на сметката да ја плати издадената фактура за месечна претплата и користење на основните и дополнителни услуги, реализираниот сообраќај утврдени со ценовникот на носителот на набавката, како и ДДВ утврден со закон, при што фактурирањето на месечната претплата за основните услуги, како претплатата за дополнителните услуги се врши однапред за секој месец,
- непримањето на сметката, не го ослободува договорниот орган од обврската да го плати долгуваниот износ на време. Во случај на недобивање на месечната сметка да се информира во специјализираните служби за грижа за корисниците на носителот на набавката и да побара изготвување на истата,
- да ги користи комуникациските услуги исклучиво за свои сопствени потреби и согласно нивната намена, да не вознемирува други корисници и да не ја користи за цели спротивни на законот, како и на условите содржани во овој договор,
- да не ги користи комуникациските капацитети, предмет на овој договор, за обезбедување јавни комуникациски услуги на трети лица, спротивно на условите содржани во законот и други правила и прописи и писмен договор со носителот на набавката,
- да го извести носителот на набавката за секоја промена на податоците потребни за склучување на овој договор. За штетите настанати со непочитување на оваа обврска, носителот на набавката не презема никаква одговорност,
- да се воздржува од било какви дејствија кои би ја довеле во опасност или би и нанеле штета на мрежата на носителот на набавката,
- ги почитува упатствата на носителот на набавката во поглед на користењето на услугите.

**ЦЕНИ, РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

**Член 6**

Вредноста на овој договор нема да надмине 200.000,00 денари без вклучен ДДВ.

Вредноста на овој договор нема да надмине 236.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Договорниот орган е должен да му исплатува на носителот на набавката износ во денари месечно по извршена услуга, во рок од 60 дена по достава на фактура на адресата на договорниот орган.

**Член 7**

Сите трошоци за услугата преносливост на броеви согласно овој Договор, се вклучени во понудените цени.

**Член 8**

Цените на сите останати услуги кои не се содржани во финансиската понуда на носителот на набавката, истиот ќе ги обезбедува по цени не повисоки од официјалните цени за постпејд услуги, кои се прилог кон овој договор.

**Член 9**

Договорниот орган има право по претходно писмено барање доставено до носителот на набавката да исклучи корисник во еден правец, согласно со применливите законски одредби од оваа област.

**Член 10**

За секоја активирана претплатничка линија, мобилниот оператор доделува субвенција за телекомуникациска терминална опрема во износ дефиниран според тендерската постапка за времетраењето на овој Договор.

**Член 11**

Опремата од член 10 по нејзиниот прием од страна на договорниот орган, станува сопственост на договорниот орган и носителот на набавката нема право да бара нејзино враќање и по истекот на важноста на овој договор.

За сите линии кои ќе бидат подоцна приклучени кон овој договор, субвенцијата сразмерно се намалува за износ од 1/12 *[за договори со важност од 1 година. Ако договорот се склучува на две години инзосот треба да се намалува за 1/24]* за изминатите месеци од важноста на овој договор.

**ТЕЛЕФОНСКИ ИМЕНИК**

**Член 12**

Договорните страни се согласни договорниот орган дополнително да достави податоци што ќе бидат внесени во Телефонскиот именик на мобилниот оператор и Службата за информации за броеви од Телефонскиот именик за кои Службата за грижа за корисници кај мобилниот оператор да може да дава податоци на заинтересирани страни.

**ЗАБРАНА ЗА КОМЕРЦИЈАЛНА УПОТРЕБА**

**Член 13**

Овој Договор ќе се применува единствено за договорниот орган. Носителот на набавка ги обезбедува услугите само на договорниот орган за негова сопствена употреба. Секоја комерцијална употреба или препродажба на гореспоменатото, нудење на услугите од носителот на набавката на трети страни, индивидуи или правни лица, се забранува.

**ЗАБРАНА ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ**

**Член 14**

Договорниот орган нема право да ги пренесува условите надвор од постојниот договор, или било кои од неговите права или обврски опфатени овде или коишто произлегуваат од овде, на која било трета страна, без претходна писмена согласност од страна на мобилниот оператор, освен податоците кои договорниот орган мора да ги објави согласно со позитивните прописи кои ги регулираат јавните набавки.

## ПРОМЕНИ НА ДОГОВОРОТ

**Член 15**

Носителот на набавката има обврска за известување на договорниот орган за планираните измени за условите од овој договор, во рок не пократок од 30 дена пред воведување на измените.

Се смета дека договорниот орган се солasил со промената на условите на договорот доколку во периодот на известувањето, писмено не го извести носителот на набавката дека го раскинува договорот.

Раскинувањето на договорот не го ослободува договорниот орган од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорените обврски, пристигнати пред извршените измени во условите на овој договор.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 16**

Договорниот орган може да го раскине договорот, со претходно писмено известување на носителот на набавката, најмалку 30 дена пред датумот на раскинување на договорот, при што е должен да ги изврши сите обврски за плаќање кои ги има кон носителот на набавката, за извршени услуги согласно овој договор.

Носителот на набавката може да го раскине договорот, поради неисполнување на обврските на договорниот орган предвидени со овој договор и тоа:

- Доколку јавната комуникациска услуга се користи или е наменета да се користи за цел спротивна на условите од овој договор,
- Доколку договорниот орган ја користи претплатничката услуга за обезбедување на комуникациската услуга на трети лица за надомест, спротивно на условите содржани во законот или други закони или прописи, констатирани од страна на надлежен орган, и без писмен договор со носителот на набавката,
- Со судска одлука за бришење од трговски регистар,
- Во случај на стечај, реорганизација, ликвидација или неликвидност на договорниот орган,
- Доколку носителот на набавката не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на Виша сила подолго од шест месеци.

**Член 17**

Во случај на предвремено раскинување на договорот или деактивирање на дел од претплатничките линии пред истекот на договорниот период по барање на договорниот орган, договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му исплати 1/12 од износот на субвенцијата за секој месец до истекот на Договорот за секоја од деактивираните линии.

**ВИША СИЛА**

**Член 18**

Користењето на услугите кои ги обезбедува носителот на набавката може да биде прекинато поради дејство на Виша сила. Под Виша сила се подразбира настан независен од волјата на договорните страни, чие наспатување не можело да се спречи или предвиди и поради кои исполнувањето на обврските од договорот станало отежнато или неможно, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: природни настани, општествени настани (штрајк, немири, војна) акти на јавната власт, нарушување на функционирањето на телекомуникацискиот систем и сл.

Носителот на набавката не сноси никаква одговорност кон договорниот орган поради прекин на услугите, предизвикан од настан на Виша сила.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 19**

Договорот влегува во сила со денот на неговото потпишување и има важност [2 (две)] година од денот на потпишувањето.

Сите дополнителни претплатнички линии на договорниот орган кои ќе бидат акивирани по потпишување на договорот, а во рамките на нивното времетраење, имаат важност до истекот на овој договор.

**Член 20**

Овој договор се смета за реализиран, по истекот на неговото времетраење или по искористување на максималната вредност од членот 6 од овој Договор

**Член 21**

Во случај на спор, надлежен е Основниот суд Битола

За се што не е предвидено со овој договор, ќе се применат соодветните одредби од Законот за облигационите односи и Законот за електронските комуникации.

**Член 22**

Договорот е сочинет во 4 (четири) еднакви примероци од кои по 2 (два) пример за секоја од договорните страни.

**Македонски Телеком АД Скопје**

Оддел за клучни и големи корисници,
Раководител,
Љупчо Спировски

м.п. ____________

Сектор за продажба на деловни корисници,
Директор,
Манче Трендафилов

м.п. ____________

Градоначалник
Јован Тозиевски

м.п. ____________

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје
Кеј 13-ти Ноември 6
1000 Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
РЕСЕН

**9. Технички спецификации**

## ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ ЗА МОБИЛНА ТЕЛЕФОНИЈА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА РЕСЕН ЗА ПЕРИОД ОД 24 МЕСЕЦИ

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА СИТЕ ТАРИФИ :**

Времетраење на Договор од 24 месеци.

Разговорите на сим картичките во рамките на компанијата задолжително да бидат бесплатни.

Моменталните претплатнички броеви да бидат пренесени заедно со префиксот (НДК бројот – Националниот Дестинациски Код) во мобилниот оператор кој што ќе биде избран како најповолен понудувач без надомест.

Целосно покривање на трошоци за преносливост на броеви при евентуална промена на операторот.

Надоместот за воспоставување на повик кон национални мрежи не смее да биде повисок од 0 мкд без ДДВ.

Цените на сите останати услуги кои не се содржани во финансиската понуда на носителот на набавката, истиот ќе ги обезбедува по цени не повисоки од официјалните цени за постпејд услуги за деловни корисници.

Услугата за телефонски повици Понудувачот треба да ја нуди на целата територија на РМ.

Износот за субвенција за повеќе линии да може да се сумира и да се искористи по потреба на Договорниот орган за набавка на мобилни телефони и друга опрема кои ги нуди економскиот оператор по неговите малопродажни цени .

Надоместот на воспоставување на роаминг услуга не смее да биде повисок од 0 мкд без ДДВ.

Поволностите за роаминг сообраќај за ЗАПАДЕН БАЛКАН да важат за сите пакети.

За сите услуги кои не се опфатени во техничката спецификација важат официјалните цени на операторите важечки во моментот на користење на услугата.

**СПЕЦИФИКАЦИЈА НА ТАРИФНИ МОДЕЛИ:**

**Пакет 1: максимум 4 линии**

**МЕСЕЧНА ПРЕТПЛАТА максимум 800,00 денари без пресметан ДДВ**

- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени неограничени бесплатни минути/месечно за разговори кон сопствена мрежа .
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени неограничени разговори кон други фиксни и мобилни мрежи.
- За секоја линија треба да следуваат неограничени бесплатни СМС пораки месечно кон сите национални мобилни оператори.

- За секоја линија треба да следува 50 GB бесплатен интернет сообраќај остварен во мрежата на операторот при што по надминување на

вклучениот сообраќај да се намалува брзината без можност за дополнително надминување.
- да биде вклучен 1 GB бесплатен интернет роаминг сообраќај.

-Тарифирањето на националните, меѓународните повици и роаминг минутите да биде на интервали од 60 секунди.
- Понудениот износ за субвенција по претплатничка линија да биде минимум 11.000,00 денари со вклучен ДДВ и со понудениот износ да може да се набават телефонски апарати и друга опрема со и без доплата. Исто така, задолжително е да се овозможи здружување на износот за субвенција од активираните претплатнички линии.

**Напомена за Пакет 1: за овој пакет Договорниот орган ќе користи најмалку 4 претплатнички линии. Носителот на набавката безусловно ќе допушти зголемување на бројот на претплатничките линии од најмногу 3(три) линии за овој пакет по барање на договорниот орган, кои ќе бидат со времетраење на постоечкиот договор. За потребата за обезбедување на повеќе од овој број на линии, договорниот орган потребно е да добие претходна согласност од носителот на набавката.**

**Пакет 2: максимум 2 линии**
**МЕСЕЧНА ПРЕТПЛАТА максимум 1.300,00 денари без пресметан ДДВ.**
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени неограничени бесплатни минути/месечно за разговори кон сопствената мрежа.
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени неограничени разговори кон други фиксни и мобилни мрежи.
- За секоја линија треба да следуваат неограничени СМС пораки месечно кон сите национални мобилни оператори.
- За секоја линија треба да следува 150 GB бесплатен интернет сообраќај остварен во мрежата на операторот при што по надминување на вклучениот сообраќај да се намалува брзината без можност за дополнително надминување.
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени 50 СМС пораки во роаминг.
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени 3 GB бесплатен интернет сообраќај во роаминг.
- Во рамките на претплатата да се вклучени минимум 100 минути/месечно за меѓународни разговори.
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени минимум 50 минути/месечно за појдовни и дојдовни разговори во роаминг.
- Тарифирањето на националните, меѓународните повици и роаминг минутите да биде на интервали од 60 секунди.
- Понудениот износ за субвенција по претплатничка линија да биде минимум 36.000,00 денари со вклучен ДДВ и со понудениот износ да може да се набават телефонски апарати и друга опрема со и без доплата. Исто така, задолжително е да се овозможи здружување на износот за субвенција од активираните претплатнички линии.

**НАПОМЕНА:**

***Вкупната цена без ДДВ (вкупната месечна претплата за сите кориснички линии) која е предмет на е-аукција, има исклучиво само пресметковна вредност како основ врз кој ќе се утврдат поединечните цени (месечните претплати) за секој од пакетите по одржување на е аукцијата. Врз основа на постигнатиот процент на намалување на е аукцијата, сразмерно ќе се намалат поединечните цени (поединечни месечни претплати) на секој од пакетите.**

***Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата .**

***Времетраењето на договорот изнесува 24 месеци од денот на склучување на договорот или до искористување на максималната вредност на договорот согласно планираните средства во буџетот.**

***Договорниот орган го задржува правото да не ги искористи сите претплатнички линии, а со тоа и вкупната вредност на договорот.**

*[Во овој дел, договорниот орган ги наведува техничките спецификации, опис и карактеристики на предметот на договорот за јавна набавка кои се задолжителни и претставуваат основа за изготвување на техничката понуда. Во случај кога предмет на договор за јавна набавка се лекови, договорниот орган задолжително ги дефинира техничките спецификации со користење на генеричките имиња на лековите. Во случај на договор за јавна набавка на работи, во овој дел се дава предмер на потребните градежни работи]*